РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

| | |
|---|---|
| **Период кој се известува: 2018 година**<br><br>**Вкупен буџет:27.470.000**<br><br>**Број на вработени: 24 вработени на неопределено време и 4 вработени на определено време**<br><br>**www.dkip.mk** | **Одговорно лице:**<br>**Име и презиме: Елизабета Русеска**<br><br>**Звање: Претседател**<br><br>**E-mail:drzavnakomisija@gmail.com**<br><br>**Телефон:070/707-633** |

**Содржина:**


1. **Резиме**
2. **Вовед**
3. **Статус, раководство, надлежност и организациона структура**
4. **Реализирани активности произлезени од законските надлежности, план за работа и стратешки план**
5. **Активности за подобрување на квалитетот во работењето**
6. **Соработка со други институции и меѓународна соработка**
7. **Буџет, завршна сметка и финансирање**
8. **Заклучоци**
9. **Препораки**
10 **Заклучок**
11. **Прилози**


## 1. Резиме

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е самостоен државен орган со својство на правно лице која е основана со Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Сл.весник на Република Македонија” бр.130/2014...11/2018).

Во овој извештај Држвната комисија ќе ја опфати надлежноста, огранизациската структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во 2018 година, по жалби

против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка, како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка.

Во 2018 година во Државната комисија примени се вкупно 3.076 предмети од кои 585 предмети се од областа на инспекцискиот надзор и 2.491 предмети од областа на прекршочната постапка.

Пренесени предмети од претходните години (2015 година, 2016 година и 2017 година) за решавање во 2018 година се во вкупен број од 1.260 предмети.

Во текот на 2018 година, односно од 19.03.2018 година до 29.08.2018 година Државната комисија не функционираше поради ненавремениот избор на составот на комисијата, бидејќи претходниот состав на Државната комисија беше разрешен на ден 19.03.2018 година, а новиот состав беше избран на ден 29.08.2018 година. Во овој период Државната комисија немаше овластен потписник за тековното функционирање на стручната служба на Државната комисија.

Имено во периодот пред разрешување на стариот состав на комисијата, односно од 01.01.2018 година до 19.03.2018 година, кога работела Државната комисија, биле примени вкупно 960 предмети и пренесените 1.260 предмети од претходните години, што значи дека за решавање имало вкупно 2.220 предмети, од кои во наведениот период биле решени 362 предмети или 16%.

Во периодот од 20.03.2018 година до 31.08.2018 година, во Државната комисија биле примени вкупно 1.057 нови предмети и 1.858 нерешени предмети кои биле пренесени од првиот квартал од 2018 година, што значи дека за решавање во последниот месец од третиот квартал од извештајниот период имало вкупно 2.915 предмети. Овој период е период на застој во работата на Државната комисија, бидејќи истата е колегијален орган и одлучува на седници со мнозинство од вкупниот број на членови, а разрешувањето на стариот состав и ненавременото именување на новиот состав на комисијата, допринесе за застој во работата на Државната комисија, односно неможност за одлучување, поради што во овој период од вкупно 2.915 предмети за решавање, Државната комисија нема решено ниту еден предмет.

Во период од 01.09.2018 година заклучно со 31.12.2018 година, односно последниот месец од третиот квартал и четвртиот квартал од извештајниот период, кога бил именуван новиот состав на комисијата биле примени 1.059 нови предмети и нерешените 2.915 предмети пренесени од претходните квартали, што значи дека за решавање имало вкупно 3.974 предмети.

Од вкупно 3.974 нерешени предмети, по именувањето на новиот состав на комисијата, односно од 01.09.2018 година до 31.12.2018 година, биле решени вкупно 1.320 предмети од кои 894 од предходните години кои биле пренесени во 2018 година и 788 предмети од 2018 година или во послениот месец од третиот квартал и во четвртиот квартал од извештајниот период биле решени 33% од вкупниот број на нерешени предмети.

Имајќи го предвид застојот во работењето на комисијата како и наведените бројки за вкупниот број на примени и решени предмети по квартали за изминатата година, произлегува дека резултатите кои Државната комисија ги постигнала во последниот месец од третиот квартал и четвртиот квартал на извештајниот период од 33% на решени предмети, укажуваат на ефективно и ефикасно работење на комисијата и доколку истата работела без прекин во целиот извештаен период и со динамика како во последниот месец од третиот квартал и четвртиот квартал од 2018 година тогаш би постигнала 99% од примените и пренесените предмети да бидат решени, односно сите примени предмети би биле решавани во законски определениот рок.

## 2. Вовед

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во понатамошниот текст: Државна комисија) е самостоен државен орган, кој има својство на правно лице и претставува контролор на работата на извршната власт со што овозможува владеење на правото и функционирање на правната држава.

Функционирањето на Државната комисија во текот на 2018 година беше оптоварено со ненавремениот избор на новиот состав на Државната комисија, кој предизвика застој во работата на истата. Со изборот на новиот состав се одблокира функционирањето на Државната комисија, но истата се соочи бројни проблеми кои беа наталожени во периодот на застој (неисплатени плати и придонеси од плати на вработените, неплатени тековни трошоци за комуналии, тефони, исплата на извршни налози за плати и придонеси, извршни налози по правосилни пресуди и т.н.)

Најголемиот дел од затекнатите проблеми во најкраток можен рок беа решени, меѓутоа одреден дел од нив сеуште се актуелни и Државната комисија е исправена пред предизвик за расчистување на ваквата состојба и во идниот период.

### 2.1. Мисија

Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна, ефикасна и ефективна заштита на правата на сите субјекти во постапката по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка.

### 2.2. Визија

Давање на придонес во подобрувањето на целокупниот систем на инспекциски постапки и прекршоци, преку квалитетна, ефикасна, ефективна и транспарентна работа.

## 3. Статус, раководство,надлежност и организациона структура

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија и истите се избираат за период од пет години со право на повторен избор. Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик-претседател.

Претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка беа избрани од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука за избор на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.08-4999/1 од 29.08.2018 година.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е надлежна за решавање по жалби против решенијата донесени во прв степен во инспекциската постапка како и по жалби против одлуките за

прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочната постапка.

Начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работата и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.02-457/1 од 21.12.2018 година.

Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба се применуваат одредбите од законот со кој се регулираат правата и обврските на административните службеници.

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија бр.0101-76 од 31.07.2015 година.

Со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начините и форми на раководење со делокруг на работа, раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на стручната служба е уредена согласно надлежностите на Државната комисија во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната Комисија.

Внатрешната организација на стручната служба се заснова на начелата на:

-Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;

-Насоченост кон корисниците на услугите;

-Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;

-Делегирање на овластувањата и

-Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално финансиски, инвестициски, стручно-административни и други работи во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

1.Сектор за инспекциски надзор;
2.Сектор за прекршоци;
3.Сектор за стручно-административни прашања;
4.Посебна организациона единица-Одделение за финансиски прашања и
5.Посебна организацона единица-Одделение за човечки ресурси.

## 3.1. Состав на Државната комисија заклучно со 31.12.2018 година

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| -Заменик Претседател на Државната комисија | 1 |
| -Член на Државната комисија | 5 |
| **-Вкупно** | **7** |

## 3.2. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2018 година

Со Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија бр.0101-77 од 31.07.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-77/2 од 24.12.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37 од 25.01.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/2 од 11.02.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/3 од 09.06.2016 година и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-410/2 од 07.12.2018 година се предвидени вкупно 77 извршители, ситематизирани во 74 работни места, нивниот распоред, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, а распоредени се на следниот начин и тоа:

| Ниво на работни места | Звање | Систематизирани работни места |
|---|---|---|
| А02 | Генарален секретар | 1 |
| Б01 | Државен советник | 2 |
| Б02 | Раководител на сектор | 3 |
| Б03 | Помошник раководител на сектор | 3 |
| Б04 | Раководител на одделение | 13 |
| В01 | Советник | 14 |
| В02 | Виш соработник | 9 |
| В03 | Соработник | 9 |
| В04 | Помлад соработник | 11 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 |
| Г02 | Виш референт | 1 |
| Г03 | Референт | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Г04 | Помлад референт | 3 |

Во Правилникот се утврдени и опишани и вкупно 3 (три) работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Работните места се распоредени на следниот начин:
(други помошно – технички лица) (превоз на лица и опрема)
-Ниво А3 – Возач (1 )
-Ниво А3 – Курир (1)
-Ниво А3 – Хигиеничар (1).

**Административни службеници вработени на неопределено време:**

| | |
|---|---|
| - Државен советник | 1 |
| - Раководител на одделение | 2 |
| - Советник | 7 |
| -Помлад соработник | 9 |
| -Самостоен референт | 0 |
| -Виш референт | 1 |
| -Референт | 1 |
| -Помлад референт | 3 |
| **-Вкупно** | **24** |

**Вработени со договор за вработување на определено работно време до 31.12.2018 заради привремено зголемен обем на работа:**

| | |
|---|---|
| - Виш соработник | 1 |
| - Соработник | 3 |
| **-Вкупно** | **4** |

Меѓутоа од наведените 4 вработени на определено време до 31.12.2018 година, на Вишиот соработник договорот за вработување му беше спогодбено раскинат со Спогодба за раскинување на договор за вработување Бр.04-302/2 од 04.10.2018 година и работниот однос во Државната комисија му престана заклучно со 04.10.2018 година.

Од вкупно 24 административни службеници вработени во Државната комисија со завршено високо образование се 19 административни службеници, со средно образование 5 административни службеници.

Во однос на половата застапеност во Државната комисија се вработени 13 мажи и 15 жени од кои на возраст од 25-29 години се пет (5) вработени, на возраст од 30-34 години се десет (10) вработени, на возраст од 35–40 години се пет (5) вработени, на возраст од 40-44 години е еден (1) вработен, на возраст од 45-49 години – се тројца (3) вработени, од 50-54 години- е еден (1), на возраст од 55-59 години се тројца (3) вработени.

Во однос на правичната застапеност во Државната комисија се вработени 22

македонци, 2 албанци 1 ром, 1 турчин, 1 влав и 1 вработен од други националности.

## 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности

Покрај активностите кои произлегуваат од законските надлежности на Државната комисија-решавање на предмети по изјавени жалби чиј вкупен број е прикажан во прилогот на годишниот извештај за работата на Државната комисија, во текот на последниот месец од третиот квартал и во четвртиот квартал од 2018 година, Државната комисија превзема и повеќе активности со цел одблокирање на комисијата, односно создавање на услови за нормално функционирање и тоа:

-исплата на заостанатите плати на вработените во комисијата

-исплата на заостанатите долгови (фактури за струја, вода, телефон и др.), спроведување на постапка за изнајмување на принтери, спроведување на постапка за набавка на хартија и потрошен канцелариски материјал како и многу други активности со цел создавање на услови за нормално функционирање на комисијата.

- исплата на извршен налог по правосилна Пресуда 1РО-498/18 од 27.04.2018 година на Основниот суд Скопје II Скопје.

## 5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето

Државната комисија во континуитет е насочена кон подобрување на квалитетот во работењето усогласувајќи го со финансиските можности предвидени со буџетот на Државната комисија за 2018 година.

Имено до 2018 година во Државната комисија не е извршена ревизија на нејзиното работење.

Претседателот, членовите и раководните административни службеници, редовно одржуваат колегиуми и работни состаноци на кои се усогласуваат ставовите во однос на предметите по изјавени жалби од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, како и се разгледуваат ставовите на Управниот суд и Вишиот управен суд во однос на донесените одлуки.

Државната комисија, постојано работи на својата транспарентност, има своја веб страна, има објавена листа на информациии од јавен карактер и овластените лица за давање информации од јавен карактер.

## 6. Соработка со други институции и меѓународна соработка

И покрај тоа што поголем дел од 2018 година Државната комисија не функционираше сепак во периодот од Септември до Декември 2018 година оствари соработка со прекршочните органи на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Царинската управа на Република Северна Македонија, Инспекцискиот совет и Управниот суд и др.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Државната комисија се финансира од буџетот на Република Северна Македонија кој во 2018 година изнесуваше 27.470.000,00 денари.

Во табеларниот преглед прикажан е буџетот за 2018 година по ставки, како и завршната сметка на Државната комисија за 2018 година.

| | **Буџет 2018** | **Завршна сметка 2018** |
|---|---|---|
| **401 – Основни плати** | **17.845.000** | **12.468,395** |
| **402 – Придонеси за социјално осигурување** | **6.595.000** | **4.615.715** |
| **420 – Патни и дневни расходи** | **200.000** | **101.854,00** |
| **421 –Комунални услуги, греење** | **1.400.000** | **492.973** |
| - **Комуникација** | **/** | **291.522** |
| - **Транспорт** | **/** | **42.886** |
| **423 – Материјали и ситен инвентар** | **230.000** | **167.658** |
| **424 – Поправки и тековни одржувања** | **200.000** | **221.981** |
| **425 – Договорни услуги** | **600.000** | **365.480** |
| **426 – Други тековни расходи** | **150.000** | **175.256** |
| **464 – Разни трансфери** | **0** | **0** |
| **480 – Купување на опрема и машини** | **50.000** | **152.917** |
| **Вкупно** | **27.270.000** | **19.096,637** |

## 8.Заклучоци

Покрај нефункционирањето во период од 19.03.2018 година до 29.08.2018 година, Државната комисија по своето комплетирање успешно се впушти во расчистување на заостанатите предмети, паралелно решавајќи и дел од тековните предмети.

Од вкупно примени и пренесени 4.336 предмети, во период од 4 месеци, по изборот на новиот состав, Државната комисија реши 33% од вкупниот број на предмети.

Споредбено со 2017 година и 2016 година кога приливот на предмети бил во една константна бројка и комисијата функционирала во полн состав цела година, бројот на решени предмети во 2018 година укажува на ефикасно и ефективно работење на комисијата.

Притоа треба да го имаме во предвид и фактот дека иако на почетотокот на 2018 година Државната комисија имаше вработено 24 административни службеници на неопределено време и 4 вработени на определено време до 31.12.2018 година, сепак до крајот на извештајниот период, бројот на вработените во Државната комисија се намали бидејќи на едно лице вработено на определено време Договорот за вработување спогодбено му беше раскинат со Спогодба за раскинување на договор за вработување Бр.04-302/2 од 04.10.2018 година и работниот однос во Државната комисија му престана заклучно со 04.10.2018 година. Исто така на еден административен службеник вработен на неопределено време во Државната комисија работниот однос му престана по сила на закон, сметано од 26.10.2018 година, поради што до крајот на 2018 година Државната комисија функционираше со вкупно 23 административни службеници и 3 вработени на определено време во стручната служба и Претседател и 6 члена на комисијата и користеше само 15 канцеларии.

Од наведеното произлегува дека Државната комисија сеуште не ја екипирала стручната служба согласно Правилникот за систематизација на работните места на стручната служба во Државната комисија и не е решено прашањето со проширување на работните простории со кои располага.

Во своето работење и одлучување по изјавените жалби Државната комисија се соочува со проблем поради неусогласеност на материјалните закони со Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци како системски закони по кои работи комисијата (како на пример неусогласенот на рокот за изјавување на жалбата определен во материјалните закони и рокот за жалба определен во Законот за општата управна постапка, во голем дел од материјалните закони (како на пример Законот за заштита на културното наследство, Законот за работните односи и др.) не е извршена измена и како орган до кој може да се изјави жалба сеуште стои Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и т.н).

## 9.Препораки

За да може Државната комисија да продолжи успешно да работи и во наредниот период потребно е ги зајакне ресурсите, како персонални така и просторни, поради што Државната комисија ќе бара согласност од надлежните институции за реализација на минимум 6 нови вработувања.

Преку службата за Општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија, Државната комисија ќе бара на користење уште најмалку 4 канцеларии кои се наоѓаат на истиот кат во зградата кеде што е сместена и Државната комисија, а моментално се користат од страна на Одборот за акредитација за високото образование.

До Собранието на Република Северна Македонија ќе поднесе иницијатива за промени на законската регулатива во дел од материјалните закони каде што е воочена неусогласеност со системските закони.

Државната комисија ќе организира средби со Инспекцискиот совет, по можност и со Здружението на единиците на локалната самоуправа, а во насока на усогласување на работата на инспекторите со Законот за инспекциски надзор и позаконските акти.

**11. Прилози**

**- Статистичка анализа на предметите во Државната комисија**

**- Завршна сметка**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**